**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54** (6 ти кат), **1000 Скопје**
**Тел** (02) **3298 666 Факс** (02) **3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-7

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11 и 41/2014), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу Нова Љубљанска Банка Д.Д. (Nova Ljubljanska Banka d.d.) со регистрирано седиште на Трг републике 2, Љубљана, Словенија и Хотел Тара со регистрирано седиште на Бечиќи бб, Будва, Црна Гора, преку Адвокат Леонид Ристев од Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 19.02.2015 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се утврдува дека концентрацијата помеѓу Нова Љубљанска Банка Д.Д. (Nova Ljubljanska Banka d.d.) со регистрирано седиште на Трг републике 2, Љубљана, Словенија и Хотел Тара со регистрирано седиште на Бечиќи бб, Будва, Црна Гора, по основ на стекнување контрола , иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член** 19 **став** (1) **точка** 2) **од Законот за заштита на конкуренцијата**.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

## Образложение

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 13.01.2015 година, НЛБ Интерфинанц АГ Швајцарија (NLB Interfinanz AG), НЛБ Монтенегробанка А.Д. Црна Гора (NLB Montenegrobanka a.d.) и Нова Љубљанска Банка Д.Д. Словенија (Nova Ljubljanska Banka d.d.), согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), поднесоа известување за концентрација помеѓу НЛБ Интерфинанц АГ Швајцарија (NLB Interfinanz AG), НЛБ Монтенегробанка А.Д. Црна Гора (NLB Montenegrobanka a.d.) и Нова

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54** (6 ™ **кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Љубљанска Банка Д.Д. Словенија (Nova Ljubljanska Banka d.d.), од една страна и Хотел Тара, од друга страна, според кое НЛБ ИнтерФинанц АГ, НЛБ Монтенегробанка А.Д. и Нова Љубљанска Банка Д.Д. имаат намера да стекнат самостојна контрола над целниот дел од работењето на Хотел Тара Будва, односно над друштвото во основање Тара Хотел ДОО, во кое целното работење ќе претставува непаричен капитал по основањето и регистрирањето на тоа друштво. Согласно Договорот за порамнување на долг и поврзани прашања од 02 Јуни 2014, НЛБ ИнтерФинанц АГ, НЛБ Монтенегробанка А.Д. и Нова Љубљанска Банка Д.Д. имаат намера да стекнат самостојна контрола над Хотел Тара, кој е во сопственост на ВСТ (во чија сопственост хотелот, во моментов, се наоѓа регистриран како непаричен капитал). ВСТ е крајна самостојна сопственост на Господинот Александар Шуковиќ. Стекнувањето на контрола над Хотелот е структурирано на начин што ВСТ ќе основа ново друштво во кое ќе го внесе Хотелот како непаричен капитал. Новото друштво ќе биде основано под името Тара Хотел ДОО Бечиќи. Новото друштво ќе биде во целосна крајна сопственост на ВСТ. Подносителите по основањето ќе го преземат новото друштво, со сопственички удели во однапред договорени проценти помеѓу НЛБ ИнтерФинанц АГ, НЛБ Монтенегробанка А.Д. и Нова Љубљанска Банка Д.Д.

**Со оглед на фактот дека НЛБ ИнтерФинанц АГ и НЛБ Монтенегробанка А.Д. се дел од НЛБ Групацијата а Нова Љубљанска Банка Д.Д. е крајно контролно друштво на НЛБ Групацијата, за Комисијата за заштита на конкуренцијата предметната концентрација претставува стекнување на единствена контрола од страна на Нова Љубљанска Банка Д.Д врз Хотел Тара.**

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**:

- **Нова Љубљанска Банка ДД Љубљана** (Nova Ljubljanska Banka d.d. Ljubljana) со регистрирано седиште на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија со деловна активност: банкарски и финансиски услуги. Нова Љубљанска Банка ДД е крајно контролно друштво на НЛБ Групацијата.

  Нова Љубљанска Банка ДД има поврзани друштва во Република Македонија:

  НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД Скопје – со регистрирано седиште на ул. Мајка Тереза бр. 1 Скопје со деловна активност: банкарски работи односно друго монетарно посредување

  НЛБ НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД АД Скопје - со регистрирано седиште на ул. Мајка Тереза бр. 1 Скопје со деловна активност: управување со фондови

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ™ кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

НЛБ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје - со регистрирано седиште на ул. Мајка Тереза бр. 1 Скопје со деловна активност: други финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови

ПРВИ ФАКТОР ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Мито Хаџивасилев –Јасмин бр. 20, Скопје и деловна активност: други финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови.

- **НЛБ ИнтерФинанц АГ** (NLB Interfinanz AG) со регистрирано седиште на Бетовенштрасе 48, 8002 Цирих, Швајцарија со деловна активност – финансиска компанија која нуди форфетинг услуги и други видови на финансирање на меѓународни трговски трансакции, со комплементарни активности кои вклучуваат директно финансирање, поделба на ризици и финансиско советување. НЛБ ИнтерФинанц АГ е во самостојна сопственост на НЛБ Љубљана.

- **НЛБ Монтенегробанка А.Д.** (NLB Montenegrobanka a.d.) со регистрирано седиште на Булевар Станка Драгојевиќа 46, Подгорица, Црна Гора, со деловна активноост – овозможување кредитни, депозитни, штедни и други банкарски услуги на население и стопанство. НЛБ Монтенегробанка А.Д. е локално зависно друштво на НЛБ Групацијата.

- **Хотел Тара** со регистрирано седиште на Бечиќи бб, Будва, Црна Гора, со деловна активност – хотел од висока класа (четири ѕвезди) во Бечиќи Црна Гора.

Хотел Тара нема поврзани друштва во Република Македонија.

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и утврди дека концентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот.

Комисијата за заштита на конкуренцијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став 2, став 3 и став 4 од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 7 б) од Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата носи решение во скратена форма, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот, бидејќи нема за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**Упатство за правно средство**:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Благој Чурлинов**